2018

Министерство за правда

# [ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР 2017-2022]

# СОДРЖИНА

ДЕЛ ПРВИ: РЕЗИМЕ ........ 2
ДЕЛ ВТОРИ: ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА........ 4
ДЕЛ ТРЕТИ: ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ОДДЕЛИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ........ 6

# ДЕЛ ПРВИ: РЕЗИМЕ

Во ноември 2017 година Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план, во насока на унапредување на судскиот систем во земјата врз основа на начелата на независност, непристрасност, одговорност, ефикасност и квалитет.

Заради следење на имплементацијата на мерките и активностите во истата Министерството за правда воспостави механизам за реализација и следење на истите во кој покрај претставници на Министерството за правда се вклучени и претставници на сите правосудни институции кои се опфатени со Стратегијата. Истите имаат задача да доставуваат до Министерството за правда информации за прогресот на спроведувањето на активностите во нивна надлежност.

Покрај секторскиот пристап воспоставен е и механизам за следење на имплементација на Стратегијата во рамки на Владата на Република Македонија преку Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022. Советот во 2018 година одржа вкупно девет седници, на кои беа разгледани и дискутирани низа на законски решенија.

Овој годишен извештај има за цел да го прикаже степенот на реализација на мерките и активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата за периодот јануари 2018-декември 2018 година и истиот ќе биде презентиран на Владата на Република Македонија и на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022.

Со оглед на фактот дека во роковите во Акцискиот план беа прилично амбициозно креирани, а потребата од сеопфатна реформа налагаше одредени законски решенија да бидат консултирани со меѓународни организации и експерти што доведе до значително одложување на реализацијата на мерките и активностите во Стратегијата, Министерството за правда изврши ревидирање на роковите во Акцискиот план на Стратегијата.

Овој документ е подготвен согласно ревидираните рокови врз основа на кои ќе се имплементираат наредните мерки и активности предвидени во Стратегијата и АП.

Акцискиот план на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор е структуиран во четири поглавја (Стратешки цели на реформата во правосудството, Стратешко планирање и креирање политики, Правосудни институции и Реформи во посебни области). Во рамките на истите поглавја се предвидени вкупно 129 мерки кои ќе се имплементираат преку реализација на 227 активности.

Во извештајот е даден детален преглед на реализираните активности, активностите кои се во тек, активности кои доцнат, континуираните активности, активности со подоцнежен рок на реализација и активности чија реализација зависи од усвојување на законските измени во областа.

Реализирана активност е онаа активност која согласно рокот во Акцискиот план на Стратегијата е спроведена во целост, активности кои се во тек се оние чија реализација е започната и сеуште трае, но не е надминат рокот на реализација од Акцискиот план. Активности кои доцнат се оние кои и согласно рокот во ревидираниот акциски план не се реализирани иако нивната имплементација е започната. Континуирани активности се оние активности со рок на реализација во текот на целиот извештеан период. Активности со подоцнежен рок на реализација се оние активности чија реализација ќе следи подоцна во текот на имплементација на Стратегијата. Активности кои зависат од законски измени се оние активности за чија реализација зависи од усвојување на законски измени.

Поради начинот на структуираност на Акцискиот план и поврзаноста на мерките и активностите реализацијата на истите ќе се следи преку известување збирно за сите мерки и активности кои се опфатени во Стратегијата.

# ДЕЛ ВТОРИ: ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Заради подготовка на овој извештај беше изработен детален збирен преглед на сите мерки и активности предвидени со Акцискиот план на Стратегијата. Врз основа на тој преглед од вкупно 227 активности предвидени со Акцискиот план, 23 се целосно реализирани, 61 активности се во тек, 3 доцнат, 22 активности се спроведуваат континуирано, 89 активности имаат подоцнежен рок на реализација, додека 29 активности зависат од претходно донесување на законски измени.




*Прилог 1: Збирен табеларен преглед на активности во Акцискиот план на Стратегијата*

| 2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА РЕФОРМАТА ВО ПРАВОСУДСТВОТО | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стратешка цел | Стратешки насоки | Вкупно мерки | Вкупен број на активности | Реализирано | Во тек | Доцни | Континуирано | Подоцнежен рок на реализација | Зависи од законски измени |
| 2.1. | Независност и непристрасност | 10 | 16 | 0 | 8 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 2.2. | Квалитет | 15 | 27 | 5 | 10 | 0 | 5 | 5 | 2 |
| 2.3. | Одговорност | 8 | 16 | 5 | 6 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| 2.4. | Ефикасност | 7 | 13 | 0 | 1 | 0 | 5 | 7 | 0 |
| 2.5. | Транспарентност | 7 | 16 | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| 2.6. | Пристап до правдата | | | | | | | | |
| 2.6.1. | Бесплатна правна помош | 6 | 11 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 8 |
| 2.6.2. | Адвокатура | 3 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 |
| 2.6.3. | Извршување | 5 | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 3 |
| 2.6.4. | Нотаријат | 6 | 13 | 2 | 0 | 0 | 0 | 8 | 3 |
| 2.6.5. | Медијација | 4 | 7 | 0 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 |
| 3. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ | | | | | | | | | |
| 3.1. | Стратешко планирање и креирање политики | 5 | 6 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 4. ПРАВОСУДНИ ИНСТИТУЦИИ | | | | | | | | | |
| 4.1.1. | Судство | 4 | 7 | 0 | 3 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| 4.1.2. | Судски совет на Република Македонија | 6 | 8 | 2 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 4.1.3. | Јавно обвинителство на Република Македонија | 10 | 24 | 2 | 10 | 0 | 0 | 12 | 0 |
| 4.1.4. | Совет на јавните обвинители на Република Македонија | 2 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 5. РЕФОРМИ ВО ПОСЕБНИ ОБЛАСТИ | | | | | | | | | |
| 5.1. | Казнено правна област | 7 | 7 | 1 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 5.2. | Управно правна област | 10 | 14 | 3 | 6 | 1 | 0 | 1 | 3 |
| 5.3. | Прекршочно правна област | 6 | 9 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 5.4. | Граѓанско правна област | 8 | 10 | 0 | 1 | 0 | 1 | 8 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **129** | **227** | **23** | **61** | **3** | **22** | **89** | **29** |

*Прилог 2: Табеларен преглед на активности во Акцискиот план на Стратегијата*

# ДЕЛ ТРЕТИ: ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ОДДЕЛИ ВО СТРАТЕГИЈАТА

## ОДДЕЛ 2: Стратешки цели на реформата во правосудството




*Прилог 3: Преглед на реализирани активности оддел Стратешки цели на реформата во правосудството*

## 2.1. НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

**Стратешка насока 2.1.1: Утврдување законски критериуми за (не)вршење избор на дипломци од АСЈО од страна на ССРМ и СЈОРМ**

За реализација на оваа стратешка насока, во собраниска процедура е предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кој се предвидува обврска за Судскиот совет на Република Македонија да избира судија на основен суд редоследно според постигнатиот успех утврден во конечната ранг-листа по година на завршување на обуката, а кои се јавиле на огласот за судија.

Со измените на Законот за Судскиот совет на Република Македонија усвоени од Собранието на РМ на 29.12.2017 година („Службен весник на РМ“ бр.197/17)

предвидена е обврска за секој член на Судскиот совет јавно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија и на претседател на суд и истовремено се составува записник од гласањето за одлуката кој јавно се објавува на веб- страницата на Советот.

Изготвени се измени и дополнувања на Законот за Совет на јавните обвинители на Република Македонија со кои се утврдува дека изборот на јавен обвинител во основно јавно обвинителство, Советот го врши поред постигнатиот успех на листата на кандидати доставена од Академијата за судии и јавни обвинители, по годината на завршување на обуката.

Сите одлуки на Советот мора да бидат образложени и објавени на веб страната на Советот на јавни обвинители.

**Стратешка насока 2.1.2: Членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители потребно е да се избираат од редот на најискусните судии и јавни обвинители**

Во предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија кој е во собраниска процедура се заоструваат условите за избор на членови на Советот од редот на судиите односно се бара кандидатот за член на Советот да има најмалку шест години судиски стаж.

Во предлог Законот за Совет на јавните обвинители се заоструваат критериумите за избор на член на Советот на јавните обвинители од редот на јавните обвинители. Имено за член може да биде избран кандидат со најмалку десет години стаж како јавен обвинител.

**Стратешка насока 2.1.3: Законско прецизирање на условот „истакнат правник“ за избор на членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители на предлог од Собранието на Република Македонија и претседателот на Република Македонија кои не треба да бидат од редот на судиите односно јавните обвинители**

Со предлог законот за Судскиот совет на Република Македонија, дефинирањето на терминот „истакнат правник“ се врши преку проширување на листата на лица кои може да бидат избрани за членови на Советот од страна на Собранието на Република Македонија и тоа со поранешни судии на Уставен суд и меѓународни судии. Врз основа на предлог законското решение членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, како и членовите што ги избира Собранието на Република Македонија по предлог на претседателот на Република Македонија, се од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставен суд на Република Македонија, меѓународни судии и други истакнати правници со најмалку 15 години работно искуство во правната

професија со положен правосуден испит и кое во вршењето на правната професија се истакнало со научна или професионална работа или со свое јавно делување.

Слично решение е превидено и во предлог законското решение за Советот на јавните обвинители. Имено за члена на Советот кои ги избира Собранието на Република Македонија се од редот на универзитетски професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставен суд на Република Македонија, меѓународни судии и други истакнати правници со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кое во вршењето на правната професија се истакнало со научна или професионална работа или со свое јавно делување.

**<u>Стратешка насока 2.1.5: Правилно функционирање на системот за распределба на судски предмети (АКМИС) со спроведување редовна контрола и ревизија врз неговото функционирање со цел да се спречат секакви злоупотреби на системот</u>**

Со законот за изменување и дополнување на Законот за судовите „Службен весник на Република Македонија" бр.83/18 е пропишана обврска со која надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник врши Министерството за правда, без притоа да се наруши самостојноста и независноста на судската функција, согласно со Планот за надзор кој го донесува министерот за правда најдоцна во декември во тековната година за следната календарска година. Надзорот го врши комисија формирана од министерот за правда составена од двајца претставници од Министерството за правда, дипломирани правници со најмалку 10 години стаж на правни работи по полагање на правосудниот испит и двајца информатичари обучени за функционалноста и начинот на работа на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети. Со измените на Законот за судовите „Службен весник на Република Македонија" бр.83/18 исто така се предвиде одредба со која Министерот за правда може кога ќе оцени за потребно во комисијата да вклучи и надворешни експерти за проверка на функционалноста на автоматизираниот компјутерски систем за управување со предметите во судовите, со што се апсолвираше и прашањето во однос на ангажирање на независни ревизори за подготовка на редовни годишни ревизии на функционирањето на АКМИС.

Дополнително во текот на 2019 година ќе се пристапи кон измени и дополнување на Законот за управување со движење на предметите во судовите во насока на давање на законска основа за формирање на тело за евалуација на употребата на АКМИС системот.

## 2.2. КВАЛИТЕТ

**<u>Стратешка насока 2.2.1: Воедначување на судската пракса</u>**

Во 2018 година се одржаа две заеднички средби на Апелационите судови и Врховниот суд во насока на воедначување на судската пракса (12 и 13 април 2018 година во Струга и 5-7 декември 2018 година во Струмица).

Во извештајниот период Академијата за судии и јавни обвинители одржа вкупно три работни средби на апелационите судови и Врховниот суд за хармонизирање на судската пракса на кои учествувале 72 учесници.

Продолжи редовното објавување на судските одлуки на судскиот портал www.sud.mk.

**Стратешка насока 2.2.2: Ревидирање на критериумите за оценување на судиите и јавните обвинители**

Со Предлог законот за Судскиот совет на Република Македонија кој е во собраниска процедура целосно е ревидиран системот на оценување на судиите каде квалитативните во однос на квантитативните критериуми во оценувањето се во сооднос 60% наспрема 40% во корист на квалитативните критериуми. Овие измени се во целост усогласени со Венецијанската комисија.

Во предлог Законот за Јавно обвинителство се дефинирани критериумите и основните насоки за оценување на обвинителите. Подетално оваа материја ќе биде разработена со подзаконски акт.

**Стратешка насока 2.2.3: Редефинирање на критериумите за унапредување на судијата и јавниот обвинител**

Со предложените измени на Законот за судовите се интервенира во условите за унапредување на судиите. Така, за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд. За судија на Врховен суд на Република Македонија може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години стаж како судија во апелационен суд.

Во Управниот суд за судија може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд, а за судија на Вишиот управен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат судиски стаж како судија во апелационен или во Управниот суд.

Воедно, се предвидува можност судија избран за подрачјето на еден основен или апелационен суд по истек на четири години непрекинат судиски стаж во односниот суд може да биде избран за подрачјето на друг основен односно апелационен суд .

Исто така се предлага можност за судија во сите степени на судството да биде избран судија кој вршел судиска функција во меѓународен суд. Понатаму, за сите степени на судството се предвидува можност Судскиот совет да избира судија од редот на кандидати со позитивна оцена.

Со предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија критериумите за избор на судија во повисок степен на судството дополнети се со нови критериуми меѓу кои и должината на судискиот стаж, стручното знаење на кандидатот за судија во повисок суд, специјализацијата во струката и други пропишани критериуми.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија донесен од Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.197/17) е предвидена обврска за секој член на Советот јавно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија и на претседател на суд и составува записник од гласањето за одлуката кој јавно се објавува на веб- страницата на Советот.

Во предлог Законот за јавно обвинителство изборот во повисоки обвинителства се ограничува само на јавни обвинители, а исто така зајакнати се критериумите во однос на потребен број години за избор во повисоко обвинителство.

Со предлог Законот за Совет на јавните обвинители одлуките на Советот треба да бидат образложени и јавно објавени на веб страната на Советот.

**Стратешка насока 2.2.4: Укинување на електронското полагање на стручните испити и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења**

Во рамките на оваа стратешка насока предвидена е измена на шест закони во надлежност на Министерството за правда и тоа: Закон за нотаријат, Закон за извршување, Закон за медијација, Закон за правосудниот испит, Закон за вештачење и Закон за процена.

Со измените на Законот за нотаријат и Законот за извршување усвоени од Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 233/18) оваа мерка беше во целост реализирани односно се укина електронското полагање на нотарскиот испит и испитот за извршители. Во подготовка е новиот Закон за медијација и измени и дополнувања на Законот за вештачење каде исто така се воспоставува нов концепт за полагање на испитите за медијатори односно вештаци.

Во 2019 година исто така ќе следува донесување на нов Закон за правосудниот испит, како и изменување и дополнување на Законот за процена.

**Стратешка насока 2.2.6 Подготовка на анализа за евентуално креирање нова програма за посебна почетна обука за искусно долгогодишни практичари, како и за континуирани обуки за сите судии и јавни обвинители**

Од страна на Европската комисија беше спроведена евалуација на системот на почетна и континуирана обука за судии и јавни обвинители. Согласно направената евалуација и препораките од истата ќе се постапува во наредниот период при спроведување на реформите поврзани со функционирањето на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Стратешка насока 2.2.7: Нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на АСЈО**

Воспоставени се нови законски критериуми за избор на членови на органите на управување на Академијата за судии и јавни обвинители со измените и дополнувањата на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители. Врз основа на новите критериуми избран е нов управен одбор на Академијата, како и директор, а во тек е избор на Програмски совет на Академијата.

**Стратешка насока 2.2.9: Функционален систем за пробација и други алтернативни мерки**

Во насока на поддршка на системот на пробација во септември 2018 година започна да се спроведува Твининг проект „Јакнење на пенитенцијарниот систем и пробациската служба" во соработка со Сојузна Република Германија и Кралството Холандија, кој е финансиски поддржан од Европската Унија. Во рамките на овој проект ќе биде изработена нова Стратегија за развој на пробациската служба 2020-2025 година.

Новите пробациски службеници кои од крајот на месец ноември се ангажирани во Управата за извршување на санкциите ја поминаа првата основна обука за примена на Законот за пробација и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, а посетија и еднонеделна практична обука во казнено-поправните установи, за начинот на работа во установата со посебен фокус на условниот отпуст на осудените лица.

Исто така спроведена е обука на 20 вработени лица во Секторите за ресоцијализација во КПУ определени за извршување на пробациски работи.

Управата за извршување на санкциите во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители одржаа две советувања на тема „Пробација/Пробациска служба и алтернативни мерки".

**<u>Стратешка насока 2.2.10: Редефинирање на критериумите за избор судија-поротник и зголемување на надоместокот предвиден за нивната работа</u>**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18) внесени се изменети критериуми за избор на судија поротник, а исто така донесен е подзаконски акт Правилник за надоместоците на судиите поротници („Службен весник на РМ“ бр.52/2018) кои се зголемени повеќе од двојно.

**<u>Стратешка насока 2.2.11: Развој на управувањето со човечки ресурси во правосудниот сектор</u>**

Подготвена е Анализа за постојната состојба со ресурсите во правосудниот сектор од страна на Министерството за правда. Од оваа анализа ќе биде развиена Стратегија за човечки ресурси во правосудството.

## 2.3. ОДГОВОРНОСТ

**<u>Стратешка насока 2.3.1: Законски критериуми и постапка за утврдување индивидуална одговорност на членовите на ССРМ и СЈОРМ</u>**

Во предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија за прв пат се внесуваат одредби за индивидуална одговорност на членовите на Советот во вршењето на нивната функција. Истите се усогласени и со Венецијанската комисија.

Во предлог Законот за СЈОРМ како и во законот за Судскиот совет се уредува постапка за утврдување на одговорност на член на Советот во вршењето на функцијата.

**<u>Стратешка насока 2.3.2: Функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите</u>**

Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за судовите кој е во собраниска постапка целосно се преработени одредбите кои се однесуваат на основите за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд и истите во целост се усогласени со мислењето на Венецијанската комисија.

Донесен е Закон за престанување на важењето на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18). Истовремено е донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кој се врати надлежноста на Судскиот совет за водење на постапка за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, согласно препораките на Венецијанската комисија.

**Стратешка насока 2.3.3: Функционални и транспарентни механизми за одговорност на јавните обвинители**

Во предлог Законот за јавното обвинителство редефинирана е постапката за дисциплинска одговорност на јавните обвинители. Исто така редефинирани се основите за покренување на постапка и дисциплинските мерки согласно принципот на пропорционалност.

**Стратешка насока 2.3.4: Одделение во ЈО и Канцеларија на Народен правобранител за надворешна контрола за следење и разоткривање на пречекорувањата и злоупотребата на службените овластувања на полицијата**

Собранието на Република Македонија ги донесе измените на Законот за јавно обвинителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/18), Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/18), Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/18) и Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/18) со кои се создава законски основ за воспоставување на нови одделенија во овие институции во рамките на воспоставување на системот за надворешна контрола за следење и разоткривање на пречекорувањата и злоупотребата на службените овластувања на полицијата.

**Стратешка насока 2.3.5: Градење култура и свест за сопствената лична и институционална одговорност во работата на судството и обвинителството**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/17) се пропиша можност по барање на судијата или претседател на суд против кои е поведена постапка за утврдување на одговорност, на седницата на која се расправа по барањето, да присуствува и претставник од Здружението на судиите.

Во предлог законските решенија за јавното обвинителство и Совет на јавните обвинители обезбедено е присуство на јавноста во спроведувањето на дисциплинските постапки.

**Стратешка насока 2.3.6: Кодекс за судска етика како законска категорија**

Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, кој е во собраниска процедура се пропишува надлежност на Врховниот суд да донесува Кодекс за судии и судии поротници по предлог на Здружението на судиите.

На 25.01.2018 година во рамки на Здружението на судии се формираше советодавно тело за судиска етика согласно одредбите на Кодексот за судска етика.

## 2.4. ЕФИКАСНОСТ

**Стратешка насока 2.4.2: Доследно спроведување на Акциониот план за решавање на старите предмети и следење на состојбата со нерешени предмети**

Судскиот совет на Република Македонија на квартално ниво ја следи состојбата со нерешени судски предмети постари од 3, 7 и 10 години.

**Стратешка насока 2.4.3: Усогласување на бројот на судии во Република Македонија со европскиот просек по глава на жител**

Министерството за правда подготви детална анализа за состојбата со бројот на судии и бројот на предмети во судскиот систем, која ќе послужи како основа за идните планирања во рамките на судството.

**Стратешка насока 2.4.5: Целосна функционалност на веб порталот www.sud.mk**

Судскиот портал www.sud.mk е целосно функционален со објавени над 500.000 одлуки.

## 2.5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Стратешка насока 2.5.1: Јакнење на транспарентноста на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/17) се пропишува дека седниците на Советот се јавни. Кога Советот одлучил за исклучување на јавноста претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај на истата седница да се носи одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно. Кога Советот одлучува за избор на судија или претседател на суд, јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај .

Со предлог Законот за Совет на јавните обвинители е уредено присуство на јавноста на седниците на Советот. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови. Кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно. Кога Советот одлучува за избор на обвинител јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај.

**Стратешка насока 2.5.5: Објавување на извештаите од спроведените редовни контроли на функционирањето на АКМИС-от и системот за распределба и управување со предмети на ЈО**

Првиот извештај од спроведената контрола на АКМИС системот е јавно достапен и објавен на веб страната на Министерството за правда.

## 2.6. ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА

### 2.6.1. БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Стратешка насока 2.6.1.1: Ефективен, ефикасен и одржлив систем за БПП преку донесување на нов Закон за бесплатна правна помош**

Изготвен е нов Закон за бесплатна правна помош. Главна цел на новото законско решение е овозможување на што поголем број граѓани пристап до правда и квалитетно правично и фер судење.

Со овој предлог на закон се зголемува опсегот на лица кои можат да се јават како корисници на бесплатна правна помош поради слабата имотна состојба во која се наоѓаат. Со предложениот текст на законот се врши редефинирање на условите за одобрување на секундарна правна помош при што акцент се става на приходите и имотот на барателот и членовите на неговото семејство, како и низа други решенија со кои ќе се надминат постоечките проблеми при спроведувањето на законот. Со предложеното законско решение се воведуваат правни клиники како даватели на примарна правна помош кои се посебна организациона единица на Правните факултети при Универзитетите кои се основани согласно Закон за високо образование. Даватели на примарна правна помош се овластени лица на Министерство за правда, овластени здруженија и овластени правни клиники.

Се воспоставуваат јасни рокови и истите се строго дефинирани за сите учесници во постапката.

Корисниците на БПП се ослободени од плаќање на судски такси и трошоци на постапката како и ослободување на трошоците за вештачење кое ќе го спроведува Бирото за судски вештачења.

### 2.6.3. ИЗВРШУВАЊЕ

**Стратешка насока 2.6.3.1: Јакнење на професионалните капацитети на извршителите, поедноставување на извршувањето, намалување на трошоците на извршувањето, соодветно конципирање на испитот на извршители и начинот на негово полагање**

Собранието на Република Македонија ги донесе измените на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 233/18). Измените на законот имаат за цел јакнење на професионалните капацитети на извршителите, поедноставено извршување, намалување на трошоците на извршувањето, соодветно концепирање на испитот за извршители и начинот на неговото полагање.

Во наредниот период ќе се пристапи кон изготвување на подзаконските акти кои ќе произлезат од законските измени со цел операционализација на законските решенија, кои треба да се изготват во рок од три месеци од неговото донесување, за што ќе се формира мешовита работна група од претставници од Министерството за правда и Комората на извршители за подготовка на подзаконските акти кои ќе ги донесе министерот за правда. Подготвена е и нова Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите, која по претходно прибавено мислење од Комората на извршители, ќе ја донесе министерот за правда.

## 2.6.4. НОТАРИЈАТ

**Стратешка насока 2.6.4.1: Јакнење на професионалните капацитети на нотаријатот и зголемување на ефикасноста од нивната работа**

Собранието на Република Македонија ги донесе измените на Законот за нотаријат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 233/18). Ова законско решение има за цел јакнење на професионалните капацитети на нотарите и намалување на трошоците, поедноставна постапка за именување и концепирање на нотарскиот испит.

Со цел операционализација на законското решение, во наредниот период ќе се подготват подзаконските акти, меѓу кои и новата тарифа по претходно прибавено мислење од Нотарската комора.

**Стратешка насока 2.6.4.2: Враќање на нотарскиот акт согласно принципите на латинскиот нотаријат**

Со измените на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/18), се прошири опсегот на правните работи за кои нотарскиот акт е задолжителен и тоа за сите правни работи кои лично ги преземаат глуви лица кои не знаат да читаат или неми лица кои не знаат да пишуваат, освен во случаи предвидени со овој или друг закон, во случај на договори за располагање со имот на малолетни лица и лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност и кога се работи за правни работи и изјави за кои со закон е предвидено дека мора да бидат составени во форма на нотарски акт.

## 2.6.5. МЕДИЈАЦИЈА

**Стратешка насока 2.6.5.1: Унапредување на концептот на медијација**

Подготвен е нов Закон за медијација, кој е во меѓуресорска консултација со цел унапредување на концептот на медијација преку ревизија на испитот за медијатори, воведување на електронска достава и усогласување на водењето на Регистарот за медијација со евиденцијата на медијаторите за започнатите или спроведените медијации. Исто така се уредува постапката на медијација, од аспект на барање за медијација, покана за медијација, личното учество на странките или преку ополномоштени лица, судирот на интересите кај медијаторите, содржината на спогодбата, се регулираат трошоците на медијацијата, се редефинира составот на Одборот за медијација, се уредуваат обуките за медијација и акредитацијата на програмите и лицата кои можат да вршат обука.  Новиот Закон за медијација треба да биде усвоен од Владата во април 2019, а донесен од Собранието на РМ во јуни 2019 година.

Новиот Закон за медијација треба да биде усвоен од Владата во април 2019, а донесен од Собранието на РМ во јуни 2019 година.

## ОДДЕЛ 3: Стратешко планирање и креирање политики




*Прилог 4: Преглед на реализирани активности оддел Стратешко планирање и креирање политики*

## 3. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

### Стратешка насока 3.1.1: Координација на реформата во правосудниот сектор

Изработена е Матрица за мониторинг на перформансите на правосудството во Македонија од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во соработка со Министерството за правда и Судскиот совет на Република Македонија, со помош на Британската амбасада. Целта на оваа матрица е преку неа да се врши проценка на тековните ситуации во правосудството и да се измерат резултатите од спроведените иницијативи и реформи.

### Стратешка насока: 3.1.2 и 3.1.4: Активна улога на Советот за реформа на правосудниот сектор и следење на имплементацијата на Стратегијата

На 28.03.2018 година формиран е Совет за следење на имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022), кој е воден од

Претседателот на Владата на Република Македонија. До сега Советот има одржано вкупно девет седници.

## ОДДЕЛ 4: Правосудни институции, други институции во функција на правосудниот сектор




*Прилог 5: Преглед на реализирани активности оддел Правосудни институции*

## 4.1. ПРАВОСУДНИ ИНСТИТУЦИИ

### 4.1.1. СУДСТВО

**Стратешка насока 4.1.1.2: Специјализација на судиите**

Во предлог измените и дополнувања на Законот за судовите кој е во собраниска постапка се предвидува дека еден од основите за разрешување на претседател на суд е и повреда на одредбите за донесување и измена на Годишниот распоред на судии, бидејќи праксата ова го покажа како потреба.

Дополнително со предлог законското решение се дава поширока можност на судовите за формирање на оддели во рамките на судот, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети.

### 4.1.2. СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Стратешка насока 4.1.2.1: Обезбедување и гарантирање на независноста, професионалноста и одговорноста на членовите на Судски совет**

Во предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија кој е во собраниска процедура се заоструваат условите за избор на членови на Советот од редот на судиите односно се бара кандидатот за член на Советот да има најмалку шест години судиски стаж.

Со предлог Законот за Судскиот совет на Република Македонија се задржува постојниот концепт, односно членовите на советот на професионална основа ќе ја вршат функцијата.

**Стратешка насока 4.1.2.2: Јакнење на транспарентноста на работата на Судскиот совет**

Со измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет на РМ се пропишува дека седниците на Советот се јавни. Кога Советот одлучил за исклучување на јавноста претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај на истата седница да се носи одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно. Кога Советот одлучува за избор на судија или претседател на суд, јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај .

Дополнително во насока на зајакнување на транспарентноста на Советот се предвиде обврска за секој член на Судскиот совет јавно на седница на Советот да ја образложи својата одлука за избор на судија и на претседател на суд и истовремено се составува записник од гласањето за одлуката кој јавно се објавува на веб- страницата на Советот.

**Стратешка насока 4.1.2.3: Враќање на надлежноста на ССРМ за покренување и водење на дисциплински постапки**

Донесен е Закон за престанување на важењето на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија („Службен весник на РМ“ бр. 11/18). Истовремено е донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кој се врати надлежноста на Судскиот совет за водење на постапка за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, согласно препораките на Венецијанската комисија.

### 4.1.3. ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

**Стратешка насока 4.1.3.1: Усогласување на Законот за јавно обвинителство со Законот за кривична постапка**

Предлог законот за ЈО е во целост усогласен со Законот за кривична постапка особено во делот на новите надлежности за водење на истрагата и контролата на јавното обвинителство над работата на полицијата.

**Стратешка насока 4.1.3.2: Формирање истражни центри**

Јавниот обвинител на Република Македонија во септември 2018 година донесе одлука за формирање истражни центри и го определи бројот на вработени во истите. Со одлуката се формира истражен центар во Основното јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство Куманово и Основното јавно обвинителство Тетово. Дополнително со одлуката од септември 2018 година, во претходно формираниот но нефункционален истражен центар во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје се определува бројот на припадниците на правосудната полиција и бројот вработени.

Определен е и бројот на припадниците на правосудната полиција за секој истражен центар. Така во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција бројот е определен на 12 лица, во ОЈО Скопје се определуваат 14 лица, ОЈО Куманово 4 лица и ОЈО Тетово 3 лица. Се очекува истражните центри да отпочнат со работа на почетокот на 2019 година.

**Стратешка насока 4.1.3.3: Воспоставување на систем за електронска распределба на предмети и доследна примена на системот за управување со предмети**

Во рамките на јавното обвинителство воспоставен е систем за електронско управување со предмети, за кој е потребно во идниот период да се утврди неговата досегашна примена.

**Стратешка насока 4.1.3.5: Просторна одвоеност на јавните обвинители од судовите**

Министерството за правда и Јавното обвинителство на РМ со финансиска поддршка на ИПА2 - Акциска програма 2014 на Европската унија во насока на поефикасни реформи во правниот сектор во согласност со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди обезбедија финансиски средства за реновирање на 11 обвинителства и тоа: ОЈО Тетово, ОЈО Гостивар, ОЈО Кичево, ОЈО Охрид, ОЈО Битола, ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес, ОЈО Куманово, ОЈО Кочани, ОЈО Штип и ОЈО Струмица.

**Стратешка насока 4.1.3.7: Воспоставување на интероперабилност на јавното обвинителство со МВР, УФП, УФР, ЦУРМ, УЈП, АУОИ, судовите, пенитенцијарните установи и адвокатска комора**

Во завршна фаза е воспоставувањето на системот на интероперабилност помеѓу институциите вклучени во областа за борба со организиран криминал и корупција со финансиска поддршка од ИПА 2013 програмата на Европската унија „Набавка на опрема за институциите од областа на правдата и внатрешните работи“. Во тек се обуки за користење на електронскиот систем.

**Стратешка насока 4.1.3.9: Редефинирање на правниот статус на СЈО во посебно јавно обвинителство со автономна надлежност во рамките на ЈО за цела територија на РМ со седиште во Скопје и проширување на надлежноста со гонење на кривични дела од висок профил на корупција**

Подготвени се нацрт законски одредби во однос на статусот на Специјалното јавно обвинителство.

**Стратешка насока 4.1.3.10: Рационализација на должностите и надлежностите во рамките на раководниот систем за обвинителството и клучните надлежности на ЈО**

Со измените на Законот за јавното обвинителство и Закон за Совет на јавните обвинители се ревидираат дел од надлежностите на Советот на јавните обвинители.

## 4.1.4. СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

**Стратешка насока 4.1.4.1: Обезбедување и гарантирање на независност, професионалност и одговорност на членовите на СЈОРМ**

Согласно предлог измените на законот за Советот на јавните обвинители се задржува постојниот концепт, односно членовите на советот на професионална основа ќе ја вршат функцијата.

**Стратешка насока 4.1.4.2: Зголемување на транспарентноста на СЈОРМ**

Со предлог Законот за Совет на јавните обвинители е уредено присуство на јавноста на седниците на Советот. Јавноста може да биде исклучена само со одлука на Советот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови. Кога Советот одлучил за исклучување на јавноста од седницата, претседателот на Советот е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста и во случај ако на истата седница донесува одлука со гласање, гласањето за одлуката е јавно. Кога Советот одлучува за избор на обвинител јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај.

# ОДДЕЛ 5: Реформи во посебни области




*Прилог 6: Преглед на реализирани активности оддел Реформи во посебни области*

## 5.1. КАЗНЕНО ПРАВНА ОБЛАСТ

**Стратешка насока 5.1.1: Кодификација на вонкривични прописи во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди**

Владата на Република Македонија усвои Информација за потребата од кодифицирање на сите вонкривични прописи во Кривичниот законик. Во почетокот на наредната година ќе биде изготвен предлог текст на измени на Кривичниот законик во насока на внесување во истиот на сите кривични дела кои во моментов се регулирани со други материјални законски решенија.

**Стратешка насока 5.1.2: Правично постапување со зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривичната постапка**

Подготвен е нов текст на Законот за кривичната постапка кој се усогласува со најновите европски директиви во областа (Директива 2012/29/ЕУ за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на злосторство, Директива 2016/343/ЕУ за зајакнување на одредени аспекти на пресумпцијата за невиност и правото за присуство на судење во кривичната постапка, Директива 2013/48/ЕУ за правото на бранител во кривичната постапка и во постапките за Европските налози за апсење, и за правото да се информира трета личност по лишувањето од слобода и да се

комуницира со трети личности и со конзуларните претставништва за време на лишувањето од слобода, Директива 2012/13/ЕУ за правото на информирање во кривичната постапка, Директива 2010/64/ЕУ за правото на преведување и толкување, Директива 2016/800/ЕУ за процедуралната заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка). Дополнително во предлог законското решение се прецизираат одредбите за определување, продолжување и укинување на мерката притвор согласно праксата на Европскиот суд за човекови права. Исто така се доуредува прашањето за жртвата на кривично дело.

**<u>Стратешка насока 5.1.3: Компензација на жртвите од кривични дела</u>**

Изготвена е работна верзија на нов Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела. Веднаш по завршување на меѓуресорската консултација ќе биде пуштен во владина процедура.

**<u>Стратешка насока 5.1.4: Подобрување и зајакнување на заштита на сведоците и соработниците на правдата</u>**

Донесени се измени и дополнувања на Законот за заштита на сведоци („Службен весник на РМ“ бр.71/2018).

**<u>Стратешка насока 5.1.6: Подобрување на меѓународната соработка во кривичната материја</u>**

Со поддршка на проектот IPA 2017 „Countering Serious Crime in the Western Balkans“ формирана е експертска група составена од претставници на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, судии, обвинители, професори и стручни соработници кои изготвија измени и дополнувања на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја.

Законот е доставен на мислење до сите релевантни институции по што истиот ќе влезе во владина постапка.

**<u>Стратешка насока: 5.1.7 Ефектуирање на системот за извршување на санкциите</u>**

Согласно Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем 2015-2019, формирана е работна група за евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем 2015-2019 година составена од 10 члена (3 претставници на УИС, 3 претставници на Казнено поправните установи, 1 претставник на Министерството за правда, 1 претставник на Министерството за здравство, 1 претставник на Министерството за труд и социјална политика и 1 претставник на Министерството за образование и наука). Работната група ќе изготви извештај за имплементација на Националната стратегија.

## 5.2. УПРАВНО ПРАВНА ОБЛАСТ

**Стратешка насока 5.2.1: Зголемување на ефикасноста на управниот спор и намалување на должината на управно-судската постапка со растеретување на буџетот на РМ**

Во насока на зголемување на ефикасноста на управниот спор и намалување на должината на управно-судската постапка со растеретување на буџетот на РМ, подготвен е нов предлог на Закон за управните спорови. Во процесот на подготовка на новото законско решение беше изготвена сеопфатна функционална анализа за подобрување на ефикасноста на управниот спор со посебен осврт на реализација на двостепеноста во управно-судската постапка, со вклучена меѓународна експертска јавност, со предлози за подобрување. Предлог Законот јасно и прецизно определува двостепеност во одлучувањето од страна Управниот суд како првостепен суд и Вишиот Управен суд како жалбен- второстепен суд. Дефиниран е модел постапка за типски случаи со еднаква или слична фактичка состојба, која по задолжителна јавна расправа, резултира со модел одлука. По донесување на модел одлука, судот за преостанатите постапки одлучува без расправа, освен ако странката не бара поинаку.

**Стратешка насока 5.2.2: Растеретување на државниот правобранител од учество во управни спорови**

Со цел растеретување на државниот правобранител од учество во управни спорови, со предлог законското решение за управните спорови се дефинира директно застапување на тужениот орган од страна на одговорното или службеното лице.

**Стратешка насока 5.2.3: Зачестено мериторно одлучување на Управниот суд односно одлучување во спор на полна јурисдикција**

Заради зачестено одржување на јавни расправа и мериторно одлучување на Управниот суд односно, законот дефинира обврска за одржување на јавна расправа, и строго ги ограничува исклучоците за одлучување без расправа. Текот на јавната расправа е јасно и прецизно уреден. Судот по правило одлучува во полна јурисдикција при што ако најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт. Ако судот најде дека јавниот орган во пропишаниот рок не го донел поединечниот акт кој според прописите требало да биде донесен, со пресудата ќе го усвои тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа. По исклучок судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно

одлучување на органот кој го донел и тоа: доколку тужениот орган решавал по слободна оценка, или доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба. Ако судот најде дека оспорениот управен акт бил донесен од страна на ненадлежен орган, со пресудата ќе го прогласи таквиот акт за ништовен. Доколку судот го поништи управниот акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на тужениот орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. При тоа тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката. Судот со пресудата ќе одлучи и за барањето за надомест на штета или за враќање на предмети, во рамките на тужбеното барање.

**<u>Стратешка насока 5.2.4: Обезбедување извршност на пресудите во управен спор</u>**

За целите на обезбедување извршност на пресудите во управен спор, законот предвидува санкции за службените лица во јавните органи кои при повторно решавање на предмет вратен од Управниот суд не ја извршиле пресудата на Судот и не одлучиле согласно напатствијата на Судот. Имено извршувањето на пресудата со која судот решава одредена работа ќе биде обезбедено од тужениот во рок од 30 дена од доставата на пресудата. Доколку тужениот не постапи во согласност со пресудата во утврдениот рок, ниту го почитува правното мислење и упатството на судот, судот изрекува парична казна во износ до 20% од месечната плата на овластеното, односно одговорното лице во јавниот орган. Судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката. Паричните казни утврдени со овој закон ги изрекува првостепениот суд.

**<u>Стратешка насока 5.2.5: Овозможување на јавни расправи во управен спор</u>**

Види стратешка насока 5.2.3.

**<u>Стратешка насока 5.2.6: Усогласување на ЗУС со ЗОУП од 2015 година</u>**

За целите на усогласување на ЗУС со ЗОУП од 2015 година, законот ги следи решенијата на ЗОУП-от, а во однос на доставата судот е јасно упатен на примена на одредбита на ЗОУП за достава .

**Стратешка насока 5.2.7: Зголемување на транспарентноста на Управниот суд**

За целите на зголемување на транспарентноста на работата на Управниот суд, по усвојување на законското решение, ќе се изврши прецизирање и дополнување на обврската за доставување на проширени податоци во Годишните извештаи за работа на Управниот суд согласно АКМИС-от, и тоа од аспект на број на одлуки донесени во спор на полна јурисдикција по претходно одржана усна расправа, број на одлуки донесени од судија поединец и сл.

**Стратешка насока 5.2.8: Подобрување на просторните и материјално-техничките услови за работа на Управниот суд**

Владата на Република Македонија во септември 2018 година заради подобрување на просторните и материјално-техничките услови за работа на Управниот суд им отстапи објект со кој во целост ќе се овозможи реализација на новите законски надлежности за задолжително одржување на јавна расправа од страна на Управниот суд.

**Стратешка насока 5.2.9: Воедначување на судската практика при решавање спорови од управни договори**

За цели на воедначување на судската практика при решавање на спорови од управни договори, по усвојување на новото законско решение, оставен е временски период од 1 година за примена на истиот, со цел да се реализираат специфични обуки на советите во Управниот суд кои решаваат спорови од управни договори од домашни и меѓународни експерти за различни видови управни договори и од искусни управни судии кои во други држави судат ваков вид спорови.

## 5.3. ПРЕКРШОЧНО ПРАВНА ОБЛАСТ

**Стратешка насока 5.3.1: Намалување на прекршочните глоби**

Со предлог Законот за прекршоците кој е во собраниска процедура утврден е точен распон на висината на прекршочните глоби со ограничена можност во материјални закони да се пропишуваат повисоки прекршочни глоби од рамките утврдени во предлог законот. Со ова предлог законско решение се предвидува распонот на глобите во материјалните закони да се движи за физички лица од 15 до 250 евра, за одговорно лице во правно лице од 15 до 500 евра, за мало претпријатие од 50 до 2.000 евра, а за средно и големо претпријатие од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност. Исклучоци од овие рамки, односно пропишување на повисоки глоби од вака утврдените ќе бидат дозволени само во точно определени области или во случаи кога со законодавството на Европската унија поинаку е определено.

Во усвојувањето на новиот Закон за прекршоците повеќе од 200 материјални закони ќе се усогласат со ова законско решение.

**Стратешка насока 5.3.2: Разграничување помеѓу административен престап и судски прекршок**

Со Предлог Законот за прекршоците направена е дистинкција помеѓу административните и судските прекршоци. Предвидена е рамка до кој износ на предвидена глоба прекршоците ќе се третираат како административни и за нив ќе можат да постапуваат прекршочните комисии, а за над тој износ на предвидена глоба прекршоците ќе бидат во судска надлежност. Имено за прекршоци до 1000 евра во денарска противвредност ќе постапуваат прекршочни комисии, додека над оваа сума надлежен за постапување ќе биде судот.

**Стратешка насока 5.3.3: Подобрување на ефикасноста на прекршочната постапка**

Европската комисија во јуни 2018 година спроведе Оценска мисија за административна правда во која меѓудругото беа дадени и препораки кои се однесуваа на новиот Закон за прекршоците. Овие препораки беа разгледани од страна на работната група која работеше на новото законско решение. согласно истите со предлог Законот за прекршоците се предвидува укинување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

**Стратешка насока 5.3.4: Превенција наспроти репресија како основна цел на прекршочната постапка**

Со предлог Законот за прекршоците се предвидува дека опомена се изрекува како санкција секогаш кога постојат законски услови за нејзино изрекување, како за физичките, така и за правните лица.

## 5.4. ГРАЃАНСКО ПРАВНА ОБЛАСТ

Реформите во оваа област ќе се реализираат во 2019 година. Во подготовка се измени и дополнувања на Законот за вештачење со кои ќе се прецизираат условите за влез во професијата вештак, вршење на дејноста и прашањето за издавање на лиценци за вештаци.